**Основен суд Охрид**
**Су-04 бр. 10/25**
**09. 01. 2025 година**
**О х р и д**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ„ бр.43/15,98/15, 33/15,6/16 и 198/18 ) во врска со член 22 и член 23 од Законот за работни односи и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основниот суд Охрид, Су-03 бр.39/16 од 28.01.2016 година, Су-03 264/18 од 21.12.2018 година и Су-03 бр. 264/18-2 од 27.07.2021 година, Основниот суд Охрид, на ден 28.02.2025 година, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 2/2025**
- За вработување на определено време-

- За вработување на судски службеник и лице кое врши технички-помошни работи на **определено време** за следните работни места:

1. **Самостоен судски референт - технички секретар на претседателот , Категорија „Г“ ниво „Г1 “ ........ 1 (еден) извршител**
   Услови што се бараат за вршење на работата:
   ***Стручни квалификации:*** Стекнати најмалку вишо или средно образование.
   ***Работно искуство:*** најмалку 3 години работно искуство во струката.
   Платата на судскиот службеник ќе изнесува 29.477,00 денари.

   ***Посебни работни компетенции :***
   - Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, - се докажува со сертификат издаден од соодветна институција ;

   ***- За работно искуство кандидатите треба да достават :***
   - извод од историјатот на вработувања, доколку кандидатот претходно бил вработен, издаден од Агенцијата за вработување;

   ***Работно време :***
   - Работни часови неделно: 40 часа;
   - Работно време: од 07,30 – 15,30 часот;
   - Дневна пауза: 11,00 – 11,30 часот;
   - Работни денови: понеделник – петок.

2. **Хигиеничар.......... 1 (еден) извршител**
   Услови што се бараат за вршење на работата:

   ***Стручни квалификации:*** Стекнато средно образование.
   ***Работно искуство:*** со или без работно искуство во струката.
   Платата на вработениот ќе изнесува 22.567,00 денари.
   Работни часови неделно: 40 часа.
   Работно време од 06,00 – 08,00 часот и од 15,00 – 21,00 часот.
   Дневна пауза: 17,30 до 18,00 часот.
   Работни денови: понеделник – петок.

Покрај наведените посебни услови **заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат и следните општи услови предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место (не постаро од 6 месеци);
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци).

Кандидатите се должни да се пријават на огласот со Пријава за вработување на судски службеник и истата можат да ја подигнат во Основен суд Охрид на приемна писарница или да ја симнат од веб страната на судот www.osohrid.mk.

Кандидатите кон пријавата можат да приложат:
- други документи од интерес за работното место.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, читливо, прецизно и со точни податоци.

Рокот за пријавување трае 5 (пет) дена сметано од денот на последното објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавувањето).

Изборот на кандидатите ќе се изврши најдоцна во рок од 15 дена, сметано од денот на завршување на огласот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на поднесувањето на пријавата со доказите.

Пополнетата пријава заедно со доказите (во оригинал или копија заверена од нотар) за исполнување на општите и посебните услови (за стручни квалификации, работно искуство и посебните работни компетенции) кандидатите се должни да ги доставаат непосредно преку приемната писарница на судот или преку пошта со назнака за Оглас број 2/2025, на следната адреса:

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД, Булевар „Македонски Просветители“ број 8.**

**ОСНОВЕН СУД ОХРИД**